[За EthicsPoint](#)

[Пријавување – Општо](#)

[Сигурност и доверливост при пријавување](#)

[Совети и најдобри практики](#)

# За EthicsPoint

### Што е EthicsPoint?

EthicsPoint е сеопфатна и доверлива алатка за пријавување која им помага на управата и вработените да работат заедно во откривањето на измамите, злоупотребата и други девијантни однесувања на работното место, истовремено развивајќи позитивна работна средина.

### Зошто ни е потребен систем како EthicsPoint?

- Ние веруваме дека нашите вработени се наше најголемо богатство. Со создавањето на отворени канали на комуникација, ние може да промовираме позитивна работна средина и да ја максимизираме продуктивноста.
- Систем на ефективно пријавување ќе ги надгради нашите други напори за создавање култура на интегритет и етичко донесување одлуки.

# Пријавување – Општо

**Може ли да пријавам користејќи или интернет или телефон**?

Да. Со EthicsPoint, имате можност да доставите доверлива, анонимна пријава или преку телефон или преку интернет.

**Кој тип на ситуации треба да ги пријавам?**

Системот EthicsPoint е дизајниран вработени да пријавуваат за какво било прекршување на нашиот наведен кодекс на однесување или за други грижи што можеби ги имате.

**Доколку забележам прекршување, не треба ли само да го пријавам на мојот раководител, обезбедувањето или во човечки ресурси и да оставам тие да се справат со тоа?**

Кога ќе забележите некое однесување за кое верувате дека го прекршува нашиот кодекс на однесување, ние од вас очекуваме да го пријавите. Идеално, вие треба да ги изложите вашите грижи на вашиот непосреден раководител, или на друг член на нашиот раководен тим. Ние прифаќаме, како и да е, дека може да постојат околности кога не ви е пријатно да го пријавите тоа нешто на тој начин. Поради ваквите околности ние стапивме во партнерство со EthicsPoint. Ние повеќе би сакале да пријавите анонимно отколку да ја задржите информацијата за себе.

**Зошто да го пријавам она што го знам? Што добивам јас од тоа?**

Сите ние имаме право да работиме во позитивна средина и со тоа право доаѓа и одговорноста да се однесуваме етички и да ги известиме соодветните луѓе да знаат ако некој не се однесува соодветно. Работејќи заедно, ние може да одржиме здрава и продуктивна средина. Корпоративната злоупотреба може да го загрози постоењето на целата компанија.

**Дали управата навистина сака да пријавам?**

Секако дека сакаме. Всушност, нам *ни е потребно* вие да пријавите. Вие знаете што се случува во нашата компанија – и добрите и лошите работи. Може да имате некакво почетно знаење за активност што може да претставува причина за загриженост. Вашето пријавување може да го минимизира потенцијалното негативно влијание врз компанијата и нашите вработени. Исто така, обезбедувањето на позитивни информации може да ни помогне во идентификувањето на прашања што може да ја подобрат корпоративната култура и резултатите од работењето.

**Каде одат овие пријави? Кој има пристап до нив?**

Пријавите се внесуваат директно на безбеден сервер на EthicsPoint за да се спречи секакво можно нарушување на безбедноста. EthicsPoint овозможува пристап до овие пријави само за конкретни личности во рамките на компанијата кои се одговорни за евалуација на пријавата врз основа на типот на прекршокот и местото на инцидентот. Секој од овие приматели на пријава има поминато обука

за чување на овие пријави во најголема доверливост.

**Не е ли овој систем само еден пример дека некој ме надгледува?**

Системот EthicsPoint се концентрира на тоа да биде позитивен аспект на нашата севкупна филозофија и ни овозможува да обезбедиме безбедно, сигурно и етичко работно место. Ве охрабруваме да барате напатствија за етичките дилеми, да давате позитивни предлози или да пренесете загриженост. Ефективната комуникација е од суштинско значење на денешните работни места и ова претставува извонредна алатка за збогатување на таа комуникација.

Ние внимателно ја избравме најдобрата алатка за пријавување која ги исполнува нашите обврски за усогласеност, а во исто време одржува позитивна средина за пријавување.

# Сигурност и доверливост при пријавување

**Според моето сфаќање секоја пријава што ќе ја испратам од компјутер на компанијата создава евиденција на серверот што ја прикажува секоја веб-страница со која се поврзува мојот компјутер и нема ли таа евиденција да ме идентификува како испраќач на пријавата?**

EthicsPoint не создава ниту одржува какви било внатрешни евиденции за поврзувањето со IP адреси, така што не е достапна информација што го поврзува вашиот компјутер со EthicsPoint. Ако не ви е пријатно да поднесете пријава преку вашиот компјутер на работа, вие имате можност да употребите компјутер надвор од вашата работна средина (како на пример компјутер во интернет кафе, во домот на пријател и сл.) преку безбедната веб-страница на EthicsPoint. Многу луѓе ја избираат оваа можност, бидејќи податоците на EthicsPoint покажуваат дека помалку од 12% од пријавите се генерирани во тек на работното време.

**Може ли да поднесам пријава од дома и дали сепак ќе останам анонимен?**

Пријава од дома, од компјутерот на соседот или од кој било портал на интернет ќе биде безбедна и анонимна. Еден интернет портал никогаш не го идентификува посетителот според името на екранот и системот на EthicsPoint ги отстранува интернет адресите така што анонимноста е зачувана во потполност.

**Загрижен сум дека информациите што ќе ги доставам до EthicsPoint на крајот ќе го откријат мојот идентитет. Како може да ме уверите дека тоа нема да се случи?**

Системот EthicsPoint е дизајниран да ја заштити вашата анонимност. Сепак, доколку сакате да останете анонимни, вие – како страна што пријавува – треба да се осигурате дека главниот дел од пријавата случајно не го открива вашиот идентитет. На пример, „Од моето место до Јан Смит...“ или “Во моите 33 години...“.

**Дали бесплатната директна телефонска врска е доверлива и анонимна исто така?**

Да. Од вас ќе се побара да ги обезбедите истите информации што би ги обезбедиле во пријава преку интернет и анкетарот ќе ги запише вашите одговори на веб-страницата на EthicsPoint. Овие пријави ги имаат истите мерки на безбедност и доверливост што се применуваат врз нив во текот на испраќањето.

**Што ако јас сакам да се идентификувам со мојата пријава?**

Има дел во пријавата за ваша идентификација, доколку така сакате.

# Совети и најдобри практики

**Свесен сум за некои лица кои се вклучени во неетичко однесување, но тоа не ме засега. Зошто би се мачел да го пријавувам?**

Нашата компанија избира да промовира етичко однесување. Секое неетичко однесување, на кое било ниво, на крајот и нанесува штета на компанијата и на сите вработени, вклучувајќи ве и вас. Треба само да се потсетите што се има случено во неодамнешните корпоративни скандали за да ги согледате катастрофалните ефекти што навидум безопасен пропуст во етиката може да ги има врз здрава компанија од секој друг аспект. Затоа доколку имате сознанија за какви било случаи на злоупотреба или етички прекршоци, сметајте дека е ваша должност вие и вашите колеги да ги пријавите.

**Не сум сигурен дали тоа што го забележав или слушнав е прекршување на политиката на компанијата или вклучува неетичко однесување, но тоа мене едноставно не ми изгледа правилно. Што треба да направам?**

Поднесете пријава. EthicsPoint може да ви помогне да подготвите и поднесете пријава за да може да биде точно разбрана. Ние повеќе би сакале да пријавите ситуација за која ќе се согледа дека е безопасна отколку да дозволите можно неетичко однесување да помине непроверено бидејќи не сте биле сигурни.

**Што ако мојот шеф или други раководители се вклучени во прекршокот? Нема ли тие да ја добијат пријавата и да започнат со прикривање?**

Системот EthicsPoint и дистрибуцијата на пријавата се дизајнирани така што засегнатите страни не се известуваат ниту им е дозволен пристап до пријавите во кои тие се именувани.

**Што доколку се сетам на нешто важно во врска со случајот откако ќе ја поднесам пријавата? Или што ако компанијата има дополнителни прашања за мене во врска со мојата пријава?**

Кога ќе поднесете пријава на веб-страницата на EthicsPoint или преку контакт центарот на EthicsPoint, вие ќе добиете единствено корисничко име и од вас ќе се побара да изберете лозинка. Повторно може да се вратите до системот на EthicsPoint преку интернет или телефон и да пристапите до оригиналната пријава за да додадете повеќе детали или да одговорите на прашањата поставени од претставник на компанијата и да додадете дополнителни информации што ќе помогнат да се разрешат отворените прашања. Силно ви препорачуваме да се вратите на страницата во посоченото време за да одговорите на прашањата на компанијата. Вие и компанијата сега сте стапиле во „анонимен дијалог“, каде што ситуациите не само што се идентификувани, туку исто така треба да бидат разрешени, без оглед на тоа колку се сложени.

**Дали дополнувањата на пријавите се исто така безбедни како и првото поднесување?**

Сета кореспонденција со EthicsPoint е со истата строга доверливост како почетната пријава, продолжувајќи под чадорот на анонимност.

**Може ли сепак да поднесам пријава доколку немам пристап до интернет?**

Може да поднесете пријава до EthicsPoint од секој компјутер што има пристап до интернет. Може да поднесете пријава од дома. Многу јавни места, вклучувајќи и јавни библиотеки имаат компјутери со пристап до интернет. Доколку немате пристап до компјутер или не се чувствувате пријатно користејќи компјутер, може да се јавите на бесплатната директна линија на EthicsPoint која е достапна 24 часа дневно, 365 дена годишно.